**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Не

**Итност на материјалот:**

**Прилог:** Предлог на закон

**Дата на доставување на материјалот:**

2012 година

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

Република Македонија

Министерство за транспорт и врски

Предлог на
Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота

Скопје, април 2012 година

**1.Осврт по материјалот:**

Со Законот за јавна чистота се уредуваат условите и начинот на одржувањето на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои с еврши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег во зимски услови. Со одредбите од законот не се пропишани овластувањата на комуналните редари при вршењето на контролата на одржувањето на јавната чистота, како и контролата во вршењето на општокорисната работа од страна на одговорното лице во јавното претпријатие или правно лице за одржување на јавна чистота. Од досегашната примена на законот се оцени дека има потреба од доуредување на одредбите во законот со кои се пропишани обврските на комуналните редари и на одговорните лица во јавните претпријатија или правни лица за одржување на јавна чистота при издавањето на потврда за извршена општокорисна работа.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Потребно е да се пропишат одредби во Законот со кои ќе се утврдат овластувањата на комуналните редари и ќе се доуреди начинот на вршењето на општокорисната работа се со цел да се обезбеди целосна инплементација на законот.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота и истит да го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

Предложените измени и дополнувања на законот ќе допринесат поефикасна примена на законот.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

Нема

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.

# ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота | 2. Министерство/Орган на државната управа:<br><br>Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Усвојување на законот | 4. Вид на предлогот:<br>Закон |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Лилјана Поповиќ, Раководител на сектор | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта:3145-410 |
| 7. Активност: | |

| 8. Вид на барање: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложена активност:

10. Врска со Владината програма:

| 11. Фискални импликации | (Во МКД) 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:____________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година | ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ Директор на државен орган | .2012 | Потпис на Министер | .2012 |

# В О В Е Д

## I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови, регулирани се со Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08,64/09, 88/10 и 114/10, 23/11 и 53/11).

Меѓутоа, како резултат на досегашната примена на законот се наложи потребата од допрецизирање на овластувањата на комуналните редари и преземањето на активности на одговорните лица во јавните претпријатија и правните лица задолжени за одржување на јавната чистота во општините и Градот Скопје.

## II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со измените и дополнувањата извршени во одделни членови, одредени прашања кои се регулираат со законот. попрецизно се дефинираат што ќе допринесе за целосна имплементација на законот.

Измените и дополнувањата на Законот се засноваат на истите начела врз основа на кои е донесен Законот за јавна чистота.

## III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одедбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства, ниту предложените измени и дополнувања од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјект.

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА**
**ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

Член 1

Во Законот за јавна чистота ("Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11 и 53/11 ), по член 11 се додава нов член11-а кој гласи:

"Член 11-а

(1) Во постапката при вршење на контролата од член 11 став (1) од овој закон, комуналните редари ги имаат следните овластувања:

1. да вршат проверка и утврдување на идентитетот на лицето кое ќе го затечат на лице место при извршувањето на забраните утврдени во членовите 14, 16, 17 став (1), 19, 20 и 21 на овој закон и
2. да го задржат лицето со укажување на сторениот прекршок.

(2) При превземањето на дејствијата од став (1) на овој член комуналниот редар е должен да се легитимира и да го извести лицето за прекршокот кој го сторил на лице место.

(3) Проверка на идентитетот на лицето од став (2) на овој член комуналниот редар го врши со увид во неговата лична карта или друга јавна исправа со негова фотографија.

(4) Комуналниот редар може да ги задржи документите за утврдување на идентитет на лицето само за време потребно за утврдување на идентитетот, а потоа веднаш му ги враќа на лицето.

(5) Ако лицето одбива или не е во можност да даде податоци за себе или да го докаже идентитетот, може да биде задржано за време потребно за утврдување на идентитетот, но не подолго од три часа,

(5) На лицето кое е задржано, во смисла на ставот 5 од овој член, му се овозможува идентитетот да го докаже на кој било начин, а доколку лицето даде отпор комуналниот редар има овластување да повика полициски службеник и да го задржи лицето до доаѓањето на полицискиот службеник ."

Член 2

Во член 29 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „ не изврши фотографирање на лице при вршење на општокорисна работа или не ги чува фотографиите (член 40 став (6)) од овој закон.

Член 3

Во член 40 по став (5) се додава нов став (6) кој гласи:

"(6) При вршењето на општокорисна работа овластеното лице во јавното претпријатие или овластеното лице во правното лица каде се врши општокорисната работа се должни најмалку два пати да го фотографираат лицето кое врши општокорисна работа во извршувањето на определената општокорисна работа и се должни фотографиите да ги чуваат најмалку една година од извршувањето на општокорисната работа.Начинот на чувањето на фотографиите го пропишува министерот за транспорт и врски.

Ставовите (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (7), (8), (9), (10) и (11).

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија’’.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предложените измени и дополнувања на законот имаат за цел да се пропишат овластувањата на комуналните редари во вршењето на контролата на одржувањето на јавната чистота. Имено, од досегашната примена на Законот за јавна чистота се констатира дека комуналните редари немаат можност целосно да ги извршуваат нивните законски обврски од причина што лицата сторители на прекршоците предвидени со овој закон не им дозволуваат да бидат идентификувани па поради ова комуналните редари не можат да изрекуваат прекршочни санкции утврдени со законот.

Исто така, се оцени за потребно да се доуреди и прашањето за начинот на вршењето на општокорисната работа кога лицето што го сторило прекршокот ќе се согласи да врши општокорисна работа. Заради обезбедување на писмени докази дека навистина е извршена општокорисна работа, со Предлогот на законот се пропишува обврска за овлстените лица во јавните претпријатија или правни лица каде се врши општокорисната работа, да извршат фотографирање на лицата и да ги чуваат фотографиите најмалку една година. За непочитување на овие обврски со Предлогот на законот се предвидени прекршочни мерки за овластените службени лица во јавните претпријатија и правни лица каде се извршува општокорисната работа. Ова со цел да не се врши изигрување на законот при давање на потврди за извршена општокорисна работа.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат изменување, дополнување и доразработка на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи нивна целосна примена.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи целосна имплементација на законот и тоа во делот на овластувањата на комуналните редари како и во делот на извршувањето на општокорисната работа предвидена со законт.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Член 11**

(1) Контролата на одржувањето на јавната чистота согласно со одлуката од членот 10 став 1 на овој закон ја вршат комунални редари.

(2) Комуналните редари од ставот 1 на овој член треба да имаат најмалку средно образование.

(3) Комуналните редари при вршењето на контролата задолжително носат службена облека и службена легитимација.

(4) Службената легитимација од ставот 3 на овој член ја издава градоначалникот на општината, градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје.

(5) Бојата и кројот на службената облека, формата и содржината, како и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на комуналните редари ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 29-а**

Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во правното лице кое ќе издаде потврда без извршена општокорисна работа од страна на лицето упатено на извршување општокорисната работа (член 40 став 5).

**Член 40**

(1) За прекршоците од член 33 на овој закон општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

(3) Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторување на прекршокот.

(4) Општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар можат да му предложат на сторителот надминување на последиците од прекршокот да се стори со вршење или сторување на општокорисна работа во траење од најмалку 24 работни часа или доделување на средства за вршење на општокорисна работа на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Собраните средства се користат наменски за одржување на јавната чистота.

(5) Доколку сторителот на прекршокот од став 1 на овој член прифати да врши општокорисна работа, должен е истата да ја изврши во рок од 30 дена од денот на упатувањето за вршење на општокорисна работа и во рок од три дена по извршувањето да достави потврда за извршената општокорисна работа до инспекторот, односно униформираниот полициски службеник или комуналниот редар што го упатил на општокорисна работа. Потврдата ја издава овластено лице на Јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или на правното лице за одржување на јавна чистота, врз основа на писмен извештај потпишан од лицето што врши контрола при извршување на општокорисна работа.

(6)Доколку сторителот на прекршокот од став 1 на овој член прифати да додели средства за вршење на општокорисна работа е должен истите да ги додели во рок од 30 дена од денот на прифаќањето и во рок од три дена од денот на доделувањето на средствата да достави доказ до инспекторот, односно униформираниот полициски службеник или комуналниот редар. Доколку сторителот на прекршокот не достави потврда за извршена општокорисна работа во определениот рок или не додели средства за вршење на општокорисната работа, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на град Скопје и униформираниот полициски службеник ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

(7) Министерот за транспорт и врски го утврдува видот, висината и чинењето на општокорисната работа за секој прекршок одделно, како и начинот на нејзиното извршување во согласност со министерот за правда. Висината на средствата наменети за општокорисна работа не може да биде повисока од висината на пропишаната глоба за прекршокот при што вредноста на 1 час општокорисна работа изнесува најмалку 50, а најмногу 125 денари во зависност од видот и сложеноста на општокорисната работа.

(8) Јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или правното лице за одржување на јавна чистота е должно да води регистар за вршење на општокорисна работа.

(9) Формата, содржината на образецот и начинот на водење на регистарот за вршење на општокорисна работа ја пропишува министерот за транспорт и врски.

(10) Општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.